12.02.2020

| Име и презиме/одд | Задача 1 | Задача 2 | Задача 3 | Задача 4 | Задача 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | | | | | |
| **2.** | | | | | |
| **3.** | | | | | |
| **4.** | | | | | |

**ОСВОЕНИ ПОЕНИ:**__________

**ОЦЕНА:**__________________

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ**:

Рецепт за бисквит:
За да се направат **20** бисквити
140 g путер
150 g шеќер
1 јајце
40 g бадеми
60 g суво грозје
200 g брашно
2 кафени лажички зачин



1. Како би гласел рецептот за 25 бисквити?

   Рецепт за бисквит:

   За да се направат **25** бисквити
   ____ g путер
   ____ g шеќер
   ____ јајце
   ____ g бадеми
   ____ g суво грозје
   ____g брашно
   ____ кафена лажичка зачин

2. Кој е најголемиот број на бисквити кои можете да ги направите доколку имате 3 јајца, 500 g брашно и 200 g суво грозје (но многу од другите состојки)?

Одговор: ____________

---

1. (1/____) а. Провери дали можеш да составиш пропорција од :
   2,4,7,и 14 5,10,15,и 30

   б. Определи го непознатиот член во пропорцијата:
   x:9=5:15 0,3:0,4=x:2

---

2. (1/_____)а. Една работа е завршена од 16 работници за 18 дена. Колку работници истата работа ќе ја завршат за 12 дена?

   б. Еден пат е изминат со брзина од 30km/h за 20min. Колку минути се потребни за да се измине истиот пат, ако брзината е 50km/h?

3. (1/____) а. Еден извор за 15 минути дава 120 литри вода. Колку литри вода ќе даде за 4,5 часа?

б. Ако од 15 килограми свежи сливи се добиваат 7 килограми суви сливи, тогаш колку свежи сливи се потребни за да се добијат 91 килограм суви сливи?

4. (1/_____) а. На пет продавници требало да им се достават 4080 литри млеко. По колку литри млеко ќе добие секоја продавница, ако првата има 600 потрошувачи, втората 800, третата 400, а четвртата и петтата по 120?

б. Бројот 1080 раздели го на три дела кои се однесуваат како $\frac{1}{2}:\frac{1}{3}:\frac{1}{6}$

5. (1/_____) Еден килограм млеко има 9% млечна маст. Колку килограми млеко се потребни за да се добијат 250 грама млечна маст

Запишете која задача  им била најинтересна на сите членови на групата(по кој било критериум: затоа што е најлесна или најтешка, затоа што не можеле да ја решат, затоа што до сега слична задача не била решена итн.).

ЗА ОНИЕ КОИ ЗАВРШИЛЕ ПОБРЗО: Мачка и пол, за два и пол дена јаде три и пол глувци. Колку глувци ќе изедат 100 мачки за 45 дена?